Ристо КАНТАРЏИЕВ

# 130 ГОДИНИ ОД ОТВОРАЊЕТО НА ПРВОТО СВЕТОВНО УЧИЛИШТЕ ВО СКОПЈЕ

Во оваа година се навршуваат 130 години од времето кога во Скопје, во портата на црквата Св. Богородица, нашиот истакнат преродбенски учител и народен просветител — Јордан Хаџи Константинов-Џинот, го отворил првото световно училиште.

Појавата на училиште со световна настава на македонски јазик во овој наш град кон средината на XIX век не е случајна. Во ова време Скопје бил значаен трговски и економски центар на Македонија. Тогаш во него цутеле занаетите и трговијата. Обемната стоковна размена со македонските градови, особено со соседните земји (Босна и Херцеговина, Србија, Бугарија) и некои европски земји (Русија, Австрија и др.) извонредно придонесле за неговиот економски просперитет.[1] Но Скопје имал и богати просветно-културни традиции. Кон средината на XVI век (1569 г.) во него била отворена словенска книжарница која ги снабдувала со црковни книги сите цркви и манастири во Македонија во кои богослужбата се изведувала на словенски јазик.[2] Во манастирите во неговата околина словенски ќелијни училишта постоеле од најстаро време. А од крајот на XVIII век приватни словенски ќелијни училишта имало и во Скопје. Во првата четвртина на XIX век многу извесно станало приватното грчко-словенско училиште на даскал Никола од Крушево,[3] во кое голем број скопски граѓани ја здобиле основната писменост. Од посебно пак значење за натамошниот развиток на просветата во Скопје е отворањето во 1836 или 1837 година на првото општинско народно училиште на монахот Павел Хорват.[4] Во него наставата била бесплатна и децата на скопските еснафи

---

[1] Д-р Јован Хаџи Васиљевић, Скопска индустрија и трговина и скопски трговци у XIX веку, Београд, 1933 г., стр. 4—12.

[2] Васил Кънчов, Град Скопие, Периодическо списание, год. XI, кн. 55—56, Средец, 1898 г., стр. 108.

[3] Истото, стр. 109.

[4] Според Васил Кънчов (цит. дело, стр. 114) монахот Павел Хорват дошол од манастирот Св. Јован Бигорски, а според д-р Ј. Х. Васиљевић (Скопље и његова околина, Београд, 1930 г., стр. 519) тој дошол од манастирот Хилендар, бил родум од Хрватска и затоа се викал Хорват.

и трговци за првпат покрај црковни учеле и некои световни предмети (географија, историја, филозофија).[5]

Скопските граѓани пројавувале интерес и за издавањето на книги и учебници. Некои од нив биле претплатници на одделни дела напишани на македонски и други јазици и имале свои библиотеки. Тие го помогнале издавањето на делата на Јоаким Крчовски.[6] Со материјални средства на скопските еснафи и трговци во ова време во Скопје биле изградени црквите Св. Спас, Св. Богородица и др., украсени со богата уметничка резба.[7]

Со развитокот на занаетите и трговијата и стопанскиот напредок на Скопје во првата половина на XIX век се оформило силно граѓанство кое играло активна улога во неговата духовна и национална преродба. Скопје е еден од првите македонски градови кој повел борба за духовна еманципација од Цариградската патријаршија. Оваа борба против фанариотското свештенство, за народна, словенска црква и просвета во третата и четвртата деценија на XIX век станала толку жестока, што за пет години (од 1829—1834) биле изгонети од Скопје четири грчки владици (Ананија, Гедеон, Генадија и Неофит).[8]

На чело на движењето против Цариграската патријаршија, за поставување владика од словенско потекло во првата половина на XIX век бил истакнатиот скопски првенец Хаџи Трајко. Користејќи се со својата влијателна положба и авторитет пред турската власт (бил прв советник на Амзи паша),[9] тој енергично се застапувал за народните интереси и права и заедно со другите скопски првенци се борел против влијанието на грцизмот, за самостоен културен и национални развиток на народот. По неговата смрт на општествената сцена стапиле помлади, дејствени и родољубви скопски граѓани кои кон средината на XIX век, кога Скопје го достигнал својот највисок економски подем, играле значајна улога не само во општествено-економскиот, туку и во просветно-културниот живот на градот. Со својата дејност на просветно-културното издигање на народот особено се истакнале градските првенци — браќата Поповиќи,[10] по чија иницијатива Јордан Хаџи Константинов-Џинот дошол за учител во Скопје и во 1848 година, во дворот на црквата Св. Богородица, го отворил првото световно училиште со настава на народен јазик.[11]

---

[5] Ami Boué (Itineraires I, стр. 211), кој во Скопје бил во 1837 г., наспомнува дека тогаш во градот имало 3 училишта и дека во нив се предавале географија, историја и филозофија. Д-р Ј. Х. Васиљевић (Скопље и његова околина, Београд, 1930 г., стр. 520) претпоставува дека овие предмети се предавале во училиштето на Павел Хорват.

[6] Александар Матковски, Црковно-просветните борби во Скопје во XIX век, Просветно дело, 1953 г., бр. 3—4, стр. 20.

[7] Истото, стр. 20.

[8] Истото, стр. 20.

[9] Васил Кънчов, цит. дело, стр. 111.

[10] Истото, стр. 114.

[11] Д-р Ристо Кантарџиев, Македонското преродбенско училиште, „Култура", Скопје, 1965 г., стр. 55.

* * *

Доаѓањето на Џинот во Скопје означува пресвртница за просветно-културниот и националниот живот на овој град. Ентусијазист во својата просветителска дејност — во ширењето на просветата на мајчин јазик, а над се голем патриот, Џинот уште во почетокот на своето учителствување во Скопје развива голема активност на унапредувањето на скопското училиште и неговото реформирање во духот на новата образованост. Тој ги разделил учениците на одделенија, вовел во наставата световни предмети со систем на заемна настава; вовел и клупи и современи наставни средства (заемни таблици, песочница, географска карта, глобус и др.) и современи наставни методи, ги исфрлил и физичките казни. Дотогаш ќелијно, училиштето при црквата Св. Богородица добило современа, модерна физиономија. За намената што сега ја добило училиштето била подигната и нова училишна зграда во дворот на црквата. Таа била изградена на иницијатива и со материјална помош на градските првенци браќата Поповиќи, со кои Џинот бил во многу добри односи, а и со парични прилози на други скопски граѓани. Најголеми прилози дале: браќата Поповиќи — 5.000 гр., браќата Х. Кочови — 5.000 гр., Зафир Малев — 5.500 гр., и Васил Икономов — 15.000 гр. и својата библиотека со 500 книги.[12]

По својот карактер училиштето било типично заемно училиште. Но, тоа битно се разликувало од заемното училиште во Велес (на источната страна на градот)—првото такво училиште со настава на македонски јазик во Македонија, кое тој го отворил во 1839 или 1840 година. Во заемното училиште во Скопје Џинот спровел поинаква организација на наставната работа, а вовел и некои други наставни предмети, што се потврдува со наставниот план по кој тој работел во 1851 година.[13] Училиштето имало три одделенија. Во првото одделение, кое се викало *детовоспитное*, малите деца учеле да читаат и пишуваат на таблиците и песочницата. Во второто — *гимназијално* одделение, поголемите деца учеле граматика, географија, астрономија, општа и црковна историја, числителница и алгебра. Третото одделение било *црковное* и во него децата учеле за црковниот ред.[14] Освен од овие предмети, во училиштето учениците добивале и знаења потребни за трговијата (посланија, облигации, векили, конта, тестаменти, атестати, пословици и дневник чаршиски).[15] Со содржината на наставата и насоката училиштето било наполно приспособено за потребите и изискувањата на трговците и занаетчиите, кои материјално и го издржувале училиштето. Во 1851 година во прво одделение имало 120 ученици, во второ 24 и во трето 35, вкупно 179 ученици.[16]

---

[12] „Цариградски вестник", 1851 г., бр. 59.

[13] Наставниот план Ј. Х. Константинов-Џинот го објавил во „Цариградски вестник", 1851 г., бр. 59.

[14] Истото.

[15] Истото.

[16] „Цариградски вестник", 1851 г., бр. 44 и 59.



Зградата на основното училиште при црквата „Св. Богородица“ во Скопје (изградена во 1848 г.), во која учителствувал Ј. Х. Константинов-Џинот од 1848—1854 г. Денеска оваа зграда не постои

Не постојат веродостојни податоци за тоа колку време траела наставата во првото, второто и третото одделение. Во тоа време било вообичаено заемните (основните) училишта да имаат двогодишен или тригодишен и сосема ретко четиригодишен наставен курс. Доколку во првото одделение се добивала само основна писменост (читање, пишување и сметање), наставниот курс во него бил едногодишен. Во другите две или три горни одделенија се давале основни знаења од различни науки (граматика, географија, историја, аритметика, св. историја, катихизис, краснопис и др.). Имајќи предвид дека во првото одделение („детовоспитное“) на заемното училиште на Џинот во Скопје децата добивале само основна писменост (читање, пишување и сметање), наставата во него не можела да трае повеќе од една година. Второто одделение („гимназијално“) имало двегодишен курс и одговарало на таканареченото „приготвително“ училиште.[17] Џинот го нарекол „гимназијално“ веројатно затоа што сметал дека во него децата добивале пообемни знаења отколку во приготовителните училишта во Македонија тогаш. Третото („црковное“) одделение било со едногодишен наставен курс.

Во 1851 година Џинот работел во скопското училиште по нов наставен план и програма. Во споредба со наставниот план од 1851 година, новиот наставен план предвидувал поширок

[17] Така се викале горните одделенија на заемното училиште поради задачата што ја имале — да ги подготват учениците за класните училишта.

круг на наставни предмети за сите одделенија.[18]) Во него за „средните“ и „првите“ (најголемите) деца“ биле застапени дури и предмети кои тогаш се учеле во класните училишта, па поради тоа некои го сметале за училиште кое по својот ранг било еднакво на класно, односно прогимназијално училиште. Меѓутоа, ваквото мислење нема веродостојна основа, зашто училиштето на Цинот ги немало основните одлики на едно тогашно класно училиште. Во него наставата била организирана по системот на заемно учење, учениците биле распоредени во одделенија (мали, средни и први — најголеми деца) и учеле во една училница, а Цинот заедно со еден помошник ги предавал сите предмети. Класните училишта пак биле посебен тип училишта, со посебни задачи и цели и поинаква организација на наставата (предметна настава) и методика на наставната работа. Но, без оглед на тоа, треба да се признае дека образованието што го давало училиштето на Цинот во Скопје било на повисоко ниво од образованието што се добивало во другите заемни училишта тогаш во Македонија.

Со неколку прекини Јордан Хаџи Константинов-Цинот учителствувал во Скопје од 1848 до 1857 година. Окружено со љубов и со грижите на скопските граѓани, особено на браќата Поповиќи, Константин Икономов и Трајче Тонкин Атанасков, чие несебично залагање Цинот не еднаш ќе го истакне,[19] училиштето постојано напредувало. За неговиот успех Цинот вложил големи усилби. За да ја олесни работата на учениците, тој се погрижил да се добијат учебници од Белград и Цариград.[20] Неговото училиште станало многу популарно и брзо се прочуло како едно од најдобрите во тоа време во Македонија. И самиот Цинот го сметал за такво. „И такво беше скопское училище, що в висчка Турция още нема, и мучно е да има.“[21] Во него учеле не само децата на скопските трговци и занаетчии, и од околината на Скопје, туку и од другите македонски градови (Велес, Куманово, Тетово, Дебар, од подрачјето на „Река“, па дури и од Призрен).[22]

За самопрегорната работа на Цинот во училиштето дознаваме од една дописка на неговите ученици. „Учителот сами не не остава. Во седум дни еднаш излегува на прошетка в чаршија и тоа по еден саат. И ние од него земаме пример, и нам од училиштето на друго место не ни се оди.“[23]

---

[18] Новиот наставен план во целост Цинот го објавил во „Цариградски вестник», 1852 г., бр. 68. Овој наставен план е прикажан во статијата „Класните училишта во Македонија», Годишен зборник на Филозофксиот факултет, 1971 г., кн. 23, стр. 85—86.

[19] „Цариградски вестник», 1851 г., бр. 59.

[20] Во 1851 г. скопското училиште добило подарок 1090 книги од Министерството за просвета на Србија (Држ. Архив на СРС, Ф. I, No 29, 1852 г.); Истата година училиштето добило од Александар Егзарх од Цариград 1200 различни книги на бугарски јазик („Шумадинка», 1852 г., бр. 5, стр. 3).

[21] Архив на Српската академија на науките и уметностите, Дел. бр. 17/56 од 9.XII. 1856 г.

[22] Васил Кънчов, цит. дело, стр. 120.

[23] „Цариградски вестник», 1852 г., бр. 73.

Каков успех постигнало и како било примено македонското училиште на Џинот од скопското население се гледа од фактот, што по неговото отворање грчкото училиште останало без ученици. За тоа ни говори една дописка испратена од Скопје, а објавена во весникот на Љ. Ненадовиќ „Шумадинка“. „. . . пре две године добіемо за учителя неког Јордана Константиновића, родом од Велеса, човека истина младогъ но пуногъ ватре и жаркогъ родолюбія, и овай почне дѣцу нашу у Словенскомъ читаню прилѣжно обучавати. Успехомъ овим преко сваке мере обвеселени, давали смо дѣчицу нашу у младо ово наше училиште найхотние . . . Но како е сад збогъ ове наше школе, Грчка школа готово празна остала, еръ свакій родитель воли да му дете, прво на матернѣм езыку што научи, па после ако доспе, нека учи и на туђем, то Грцы нашавши се уврећени, почну противу нас и нашег учителя явно роптати, и то роптанѣ найпосле приобрати се у явну распру. . .“[24]

Но, Џинот не се ограничил само на дејноста во училиштето, која ја вршел со голема љубов, туку и активно учествувал во општествениот и просветно-културниот живот на градот. Тој бил неуморен проповедник и агитатор. Секогаш кога за тоа имал можност — во куќата на некој од своите пријатели, пред насобраниот народ во црквата или училиштето, Џинот држел пламени говори во патриоски дух и отворено истапувал против фанариотското свештенство и ненародниот грчки јазик. Такви говори тој дежел секоја недела и празник во црквата, а по богослужбата ги повикувал граѓаните да го посетат училиштето, каде што неговите ученици давале театарски приредби со морално-поучна и национална содржина. Неговото училиште станало центар не само за ширење на просветата на мајчин јазик, туку и за национално будење на населението.

Ваквата дејност му донела на Џинот голема популарност кај народот. Но таа не останала незабележана од страна на грчкиот владика Јоаким и однародените скопски чорбаџии — неговите најогорчени непријатели. Додека ја имал заштитата на влијателните градски првенци — браќата Поповиќи, особено на постариот брат Ѓорѓи, кој бил носител на црковно-просветната борба против грчкото духовно ропство, Џинот спокојно работел во своето училиште. Но, кога браќата Поповиќи паднале во немилост кај Турците поради своите врски со Русија, а особено поради тоа што Хаџи Ѓорѓи од 1851 година бил почесен руски конзул во Скопје и во почетокот на Кримската војна (1853 г.) биле уапсени и интернирани во Серез, се влошила положбата и на Џинот. Владиката Јоаким интригирал против него кај Турците дека е руски шпион и овие почнале да гледаат на Џинот како опасен човек. Кон крајот на 1853 година владиката Јоаким и приврзаниот кон него Никче Х. Трајков пак го наклеветиле Џинот пред власта и тој бил отстранет од училиштето. За ова Џинот пишува подоцна во едно свое писмо до „Друштво српске словесности“ следново:

„На 1853 от Скопле ме обклевети скопски владика и четири Грека между них и 4 Бугарски отпадници, на Турци како да сам бил

[24] „Шумадинка», 1852 г., бр. 5, стр. 3.

Российски соиладатай, и подстрекавам Србли и Бугари да се бунат; Пет пути шпион пред Паши ме судеха; седум пути ноќе ме влекоха; — найпосле владиката и Х. Трајковић и греци немилостиви на Турци в мезличо дадоха потпис да ме погубат, па што ке дойде они да се отговарат. — На мезлич мене ме призваха и ми рекоха до три дни ако не си станеш, ке те убиеме; и тако Скопско училище владика и греци го разориха . . . "[25]

Принуден да го напушти Скопје, Џинот се вратил во родниот град Велес. Но и тука не нашол мир. Неговиот огорчен непријател — владиката Авксентија го изгонил од Велес и тој отишок во Цариград, за да бара заштита од рускиот конзул. Бидејќи овој во тоа време не се наоѓал во Цариград, Џинот се обрнал за помош кај српскиот капу-ќехаја Николаевиќ, кој се застапил за него кај турската управа и му издејствувал дозвола да се врати во Скопје. „Я от него испросих да ме прати още еднаш в Скопле за инат на греците и владиката, и да знаят как сам прави тврди Славян . . . "[26]

Кога Џинот дошол во Скопје, во почетокот на 1854 година, неговото место во општинското училиште при црката Св. Богородица било веќе зафатено[27] и затоа тој отворил приватно училиште во куќата на скопскиот граѓанин Божидар Ботуш.[28] Но и како приватен учител тој имал големи пречки и тешкотии во работата. Владиката продолжил да интригира против него и неговото училиште, а Џинот јавно ги изнесувал неговите злоупотреби. Еден ден владиката го повикал и му рекол: „. . . Бре учител! Аз сум Турчин от 50 години вамо, та ке те затриям дибидус. — Така ми се похвали и Х. Трајковић"[29]

При крајот на 1856 година положбата на Џинот во Скопје сосем се влошила. Неговите противници — владиката и чорбаџиите го наклеветиле пред власта дека го бунтувал народот да не плаќа даноци. Тој бил уапсен и протеран од Скопје. Свечено испратен од скопското население — мажи, жени и неговите ученици, на 23. I. 1857 година Џинот заминал за Белград, за да бара заштита.

„Плачевна сцена во нашиов град се случи. Учителот од нашиот град Г. Јордан Х. Константинов настрада неправедно и злосторно од гонењето на нашиот митрополит Г-н Јоаким и Г-н Никче Х. Трајков, кој е ревносен приврзаник на неговото Преосвештенство. Јордан ја исполнува службата на еден особен начин, и со своето добро поведение ја привлекува не само почеста на Бугарите, ами уште и на Турците.

---

[25] Архив на Српската академија на науките и уметноста, Дел. бр. 17/56 од 9. XII. 1856 г.

[26] Истото.

[27] По препорука на врањанскиот владика Паисија, за главен учител дошол Анѓелко Цветановиќ од Врање. За свој помошник тој го зел својот ученик Стојан Костов, кој го завршил Груевото училиште во Пловдив. Подоцна, во 1856 г., кога Анѓелко Цветановиќ отишол од Скопје, главен учител во ова училиште станал Стојан Костов (Д-р J. Х. Васиљевић, Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX в., Београд, 1928 г., стр. 110—111.

[28] Васил Кънчов, цит. дело, стр. 128.

[29] Архив на Српската академија на науките и уметноста, Дел. бр. 17/56 од 9. XII. 1856 г.

Начинот на кој тој предаваше толку привлекуваше... што не само мажи, туку и жени одеа да слушат уроци кај него. Сето тоа не им беше пријатно на митрополитот и Г-н Никче и го извадија учителот од служба и претпочитаа да ги остават децата на улица да играат и да учат она што се учи по улиците, само да не се во училиштето каде што учеше Г-н Јордан."[30]

По краткиот престој во Белград, Џинот се вратил во Скопје со препораки до призренскиот паша и владиката Јаоким. Меѓутоа, ситуацијата ни малку не се подобрила за него. Напротив, судирите со владиката и чорбаџиите продолжиле и биле сѐ поостри. Џинот останал во Скопје уште неколку месеци како приватен учител, потоа бил уапсен од Турците и испратен на заточение во Битола.[31]

Така завршила десетгодишната борба на Јордан Х. Константинов-Џинот за народно училиште во Скопје, за време на која биле поставени цврсти темели на македонската писменост и јазик и отстрането духовното влијание на грцизмот од овој наш град.

Ристо КАНТАРДЖИЕВ

## 130 ЛЕТ СО ДНЯ ОТКРЫТИЯ ПЕРВОЙ ГРАЖДАНСКОЙ ШКОЛЫ В СКОПЬЕ

(Р е з ю м е)

130 лет тому назад (1848 г.) в г. Скопье была открыта первая гражданская школа с обучением на македонском языке. Ее открытие связано с именем известного македонского учителя и народного просветителя эпохи македонского возрождения — Йордана Хаджи Константинова-Джина.

Инциаторами открытия школы явились знатные люди города, которые в первой половине XIX века, когда Скопье добился большого экономического подъема, сыграли активную роль в деле его духовного и национального возрождения. Они стояли во главе движения против Царьградской партиархии, за свою народную, славянскую церковь и просвещение.

Школа была открыта во дворе церкви св. Богородицы и имела три класса, с 179 учащимися. По своему характеру это была типичная взаимная школа, с системой взаимного обучения (Бел-Ланкастерская система). В первом классе детей обучали чтению, письму и счету, во втором — грамматике, географии, астрономии, общей и церковной истории, счету и алгебре, а в третьем — вопросам устройства и порядков церкви. Помимо общего образования дети получали и знания, необходимые для торговли.

---

[30] „Цариградски вестник», 1857 г., бр. 319.

[31] Из Архивата на Найден Геров, кн. I, София, 1911 г., стр. 928—929.

Школа была хорошо встречена гражданами г. Скопье, стала очень популярной и славилась как одна из лучших школ того времени на слаянском Юуге. В ней учились не только дети г. Скопье, но и дети других македонских городов.

Й. Х. Константинов-Джинот учительствовал в Скопье, с несколькими перерывами, вызванными греческим владыкой, с 1848 по 1857 год, и за этот период были положены прочные основы македонской письменности и языка, что способствовало устранению из этого македонского города греческого духовного влияния.